# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 5/2022
## 20.04.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/1**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на чл. 50 став 1 т.6 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ”бр. 32/20) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **18.04.2022** ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на Општина Неготино за 2022 год**

**Член 1**

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на Општина Неготино за 2022 година** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

- **Во табелата „ 2.5 Урбанистички планови за вон населено место “ се менува**
-

| Р.Б. | ЛОКАЦИЈА | | Начин на плаќање |
|---|---|---|---|
| 2 | Доброво-Тремник | Измена и дополна на Урбанистички план вон населено место КО Доброво, КО Тремник, општина Неготино | Општина |

- Табелата **2.9 „Изработка на урбанистички прокти согласно член 58 став 6“** се доплнува со:

| Р.Б. | ЛОКАЦИЈА | | Начин на плаќање |
|---|---|---|---|
| 3 | Неготино | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, Г3-Индустрија на финални производи и сервисни услуги и Г4-Згради на индустриски сервиси резервоари, силоси и складишта на КП 3927/1 КО Неготино, општина Неготино. | Самофинансирање |

## Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-295/3**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Неготино и ТППЕ Неготино**

Се објавува **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Неготино и ТППЕ Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/2**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.52/05), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино (Службен гласник на Општина Неготино бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14 и 13/20 ) Советот на Општина Неготино на ден **18.04.2022** година го донесе следниот

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино, бр.08-399/4 од 17.06.2021 година и на Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во општина Неготино бр.08-769/22 од 29.12.2021 година.

**Член 2**

Во членот 4 став 2 -табелата од Подгрупа 10 се менува и истата гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Командир на ТППЕ | 450 | бода |
| 2 | Заменик Командир | 420 | бода |
| 3 | Командир на чета | 420 | бода |
| 4 | Пожарникар спасител-водач на група | 325 | бода |
| 5 | Пожарникар спасител-возач на специјално возило | 325 | бода |
| 6 | Пожарникар спасител | 325 | бода |

Во членот 4 став 3 -табелата од Група IV- Работни места на помошно-технички лица се менува и истата гласи:

**Група IV- Работни места на помошно-технички лица**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Одговорен за возен парк | 365 | бода |
| 2 | Курир | 325 | бода |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино“** , а ќе се применува за исплата на платата од месец март 2022 година.

**бр.08-295/4**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на членови во Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино**

Се објавува **Решение за именување на членови во Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/3**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Сл весник на РМ “ бр.5/02 ) , член 158 и 159 од Законот за правда за децата („ Службен весник на РМ “ бр. 148/13 и „Службен весник на РСМ “ бр. 152/19 и 275/19) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ( „ Сл. гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **18.04.2022** го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино**

**Член 1**

За членови на **Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино се именуваат:**

1. **Олгица Думов** – претставник од ОВР Неготино
2. **Филип Петровски** – претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино
3. **Диме Смилков** – претставник од совет на родители ООУ „ Страшо Пинџур “ Неготино
4. **Гордана Ќолчевска** - претставник од совет на родители ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино
5. **Жаклина Тимова** - претставник од совет на родители на СОУ „ Св. Кирил И методиј “ Неготино
6. **Загорка Панова** – претставник од Унија на средношколци при СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино
7. **Мила Толова** - претставник од Унија на средношколци при СОУ „ Св. Кирил и Методиј “ Неготино
8. **Тања Астарџиева Атанасова** – претставник од Адвокатска комора на РСМ
9. **Митко Јаначков** – претставник од Здруженија и фондации на територијата на општина Неготино
10. **Димитар Нацев** – претставник од ОЈО Кавадарци
11. **Розеана Ѓорѓиева** – претставник од Основен суд Неготино

**Член 2**

Членовите на **Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино** се именуваат за време од 5 годинии со право на повторен избор.

**Член 3**

Членовите на општинскиот совет од своите редови избираат претседател со мандат од две години со праaво на повторно именување.

**Член 4**

Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино донесува годишна програма за работа која ја доставува на усвојување до Советот на општина Неготино.

За својата работа општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Програмата на општинските совети од став 1 на овој член се финансира врз основа на финансиски план од Буџетот на општината и од други средства.

**Член 5**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Неготино “.

**бр.08-295/5**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци**

Се објавува **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/4**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ “ бр.05/02 ), член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка ( Сл.весник на РМ “ бр.79/09 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Службен гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12,16/14 и 13/20) , Советот на општина Неготино на 10 редовна седница одржана на ден **18.04.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци за размена на искуства и остварување на заедничка стручна соработка на општинските администрации и ТППЕ на двете општини за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општината утврдени со Законот за локална самоуправа, во делот на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив, противпожарна заштита и заштита на животната среднина и природа помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на ова одлука ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на работи – заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други последици предизвикани од нив, противпожарна заштита и заштита на животната средина и природата од страна на општинската администрација и ТППЕ на Општина Кавадарци за потребите на општинската администрација и ТППЕ на Општина Неготино.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-295/6**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година**

Се објавува **Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/5**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/02) и член 79, став 1, точка 26 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **18.04.2022** година, донесе

## О Д Л У К А

### за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

**Член 1**

Советот на Општина Неготино дава согласност за аплицирање со предлог Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година за сопствено учество во истата врз основа на Јавен повик на Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој ,објавен на 05.04.2022 година и Програма за спроведување на стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2024 во Службен Весник на Република Северна Македонија бр.37 од 18.02.2022 година

**Член 2**

Советот на Општина Неготино дава согласност дека општина Неготино има обезбедено 50% од потребните средства за ко-финансирање во висина од 940 820,00 денари кои ќе бидат искористени за реализирање на предлог проектот Зајакнување на човечките капацитети со користење на економични возила за промоција на алтернативниот туризам во руралните подрачја – „Learn and Drive“

**Член 3**

Вредноста на предлог проектот изнесува **1 881 639,00** мкд со ДДВ. Средствата за кофинасирање се обезбедени во буџетот на општина Неготино за 2022 година, Програма за Локален Економски Развој за 2022 година, Под-Програма Г10 Поддршка на локалниот економски развој за 2022 ;Точка 4 – Поддршка за кофинансирање на тековни проекти за 2022 год.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08-295/7**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/6**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 20 а и член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ “ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016 , 198/18 и „ Службен весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **18.04.2022** година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино

### Член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино со **бр.02-87/4 од 28.03.2022** година.

### Член 2

Оваа Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ **Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08-295/8**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува **Одлука за за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/7**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/11, 09/11, 16/12, 16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на **18.04.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

**Член 1**

**Не се утврдува** потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , **КП бр. 3896, КП БР. 3897 и КПбр. 3898** КО Долни Дисан – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена А5-4 помошна просторија , (според геодетски елаборат бр. **0803/156** од **13.05.2016** година на ДГРИ К-4 ДООЕЛ Неготино).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр.08-295/9**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за давање на согласност на Статурна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино**

Се објавува **Решение за давање на согласност на Статурна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/8**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за основното образование (,, Сл.весник на РСМ “ бр.161/2019, 229/20) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Неготино (,, Сл. гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седница одржана на ден **18.04.2022** година го донесе сленото

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на **ООУ ,,Страшо Пинџур,,** Неготино со бр.02-2/3/10 од 07.04.2022година.

Со оваа Статутарна одлука се врши измена и дополнување на Статутот на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино бр. 01-53/1 од 24.01.2020 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08-295/10**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/9**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ “ бр.275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општината Неготино („ Службен гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 и 13/20 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **18.04.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За давање на согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино

### Член 1

Се дава согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино** донесена од Управниот одбор на **ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино** со бр.02-207/3 од 13.04.2022 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на општина Неготино**“.

**бр.08-295/11**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Неготино на ЗГ КУД „ Јане Сандански “ од Неготино**

Се објавува **Одлука за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Неготино на ЗГ КУД „ Јане Сандански “ од Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/10**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на РМ “ бр. 5/02 ) и член 79 став 1 точка 50 и член 131 од Статутот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14 и 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на **18.04.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Неготино на ЗГ КУД „ Јане Сандански “ од Неготино

#### Член 1

Со оваа одлука се дава на користење недвижен имот во сопственост на општина Неготино – просторија на КП.бр.8352/1 зграда 2 на **КУД „ Јане Сандански “** од Неготино за реализација на фолклорната дејност, едукација на младите и презентација на Македонската традиционална култура.

Недвижниот имот се дава на користење без надомест во временски период од **10 години**.

#### Член 2

Корисникот на недвижниот имот од став 1 на овој член е должен да ги плаќа сите режиски трошоци кои што произлегуваат од користењето на горенаведениот објект.

#### Член 3

Општина Неготино го задржува правото да ја укине оваа одлука во случај на измена на Урбанистичкиот план на општина Неготино.

**Член 4**

Ова Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во **,,Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-295/12**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/11**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 55 од Законот за јавните патишта ( Сл.весник на РМ бр. 84/08.....44/15) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.гласник на РМ" бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12,16/14 и 13/20) Советот на општина Неготино на седницата одржана на **18.04.2022** година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта**

**Член 1**

Во Одлуката бр.08-170/28 од 29.04.2015 година и измената и дополнувањето на одлуката бр.08-60/8 од 24.01.2020 година за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта

Во член 2, став 1 во алинеја 5 , **зборовите цена од 3.000,оо денари месечно се заменуваат со зборовите 300,00 денари месечно.**

Член 2 став 1 алинеја 5 сега гласи:

**За закуп на простор за реклама на информативно пано – инфотач сопственост на Општина Неготино цена од 300,00 денари месечно со обврска закупецот да го изнајмува просторот најмалку 6, а најмногу 12 месеци годишно.**

**Временскиот период за рекламирање е 10 минути етапно во рок на 24 часа.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-295/13**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **18.04.2022** година.

**Бр.09-310/12**
**20.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино " бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **18.04.2022** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

- **Младенчо Темелков од с. Тимјаник во износ од 10.000,00 денари**
- **Милица Ѓелова од с. Тимјаник во износ од 10.000,00 денари**
- **Наиме Мустафова од с. Пепелиште во износ од 4.000,00 денари**
- **Гордана Ангелова од Неготино во износ од 4.000,00 денари**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино " .**

**бр.08-295/14**
**18.04.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

# СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 5/2022


1. Заклучок за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година

2. Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година

3. Заклучок за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Неготино и ТППЕ Неготино

4. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Неготино и ТППЕ Неготино

5. Заклучок за објавување на Решение за именување на членови во Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино

6. Решение за именување на членови во Совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Неготино

7. Заклучок за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци

8. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Неготино и Општина Кавадарци

9. Заклучок за објавување за Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

10. Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

11. Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино

12. Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ООУ „ Гоце Делчев “ Неготино
13. Заклучок за објавување на Одлука за за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација
14. Одлука за за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација
15. Заклучок за објавување на Решение за давање на согласност на Статурна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино
16. Решение за давање на согласност на Статурна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино
17. Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Статурна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино
18. Одлука за давање на согласност на Статурна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈП „ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино
19. Заклучок за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Неготино на ЗГ КУД „ Јане Сандански “ од Неготино
20. Одлука за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Неготино на ЗГ КУД „ Јане Сандански “ од Неготино
21. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта
22. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта
23. Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош
24. Решение за доделување на еднократна парична помош